ЛИСТА НА ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ПО НИВОА ЗА ТЕМА2:Триаголник и паралелни прави

Ниво	Конкретна наставна цел
ПОЗНАВАЊЕ	Ученикот/ученичката: • црта и означува триаг.и да ги именува неговите основни елементи • препознава страна спроти теме, агол спроти страна и обратно • соодветно означува внатрешни од надворешни агли на триаголник • разликува и именува триаголници според аглите и според страните • препознава и означува висина на триаголник • препознава симетрала на отсечка и симетрала на агол • препознава и симболички запишува складност на два триаголника • го искажува признакот страна-агол-страна (САС) за складни триаг. • го искажува признакот агол-страна-агол (АСА) за складни триаголници • го искажува признакот страна-страна-страна (ССС) за складни триаг. • ја искажува аксиомата за паралелни прави • препознава агли со паралелни и агли со нормални краци • ја искажува теоремата за збир на внатрешни, т.е. надвор. агли на триаг. • препознава и црта средна линија на триаголник • ја искаже теоремата за средна линија на триаголник • воочува оска на симетрија кај некои рамнински фигури (отсечка, агол,квадрат,..)
РАЗБИРАЊЕ	• објаснува со што е зададена осна симетрија и пресликува точка и отсечка при осна симетрија • објаснува со што е зададена централна симетрија и пресликува точка и отсечка при централан симетрија • воочува и одредува центар на симетрија кај некои рамнински фигури (отсечка, квадрат, круг) • одредува ортоцентар на триаголник • црта тежишна линија и одредува тежиште на триаголник • објаснува кои фигури се складни • објаснува кои триаголници се складни, според секој од признаците • ги објаснува својствата на рамнокрак триаголник • одредува непознат внатрешен или надворешен агол на триаголник • го воочува односот меѓу страните и аглите во триаголник • решава едноставни задачи во кои се користи односот меѓу страните и аглите во триаголник • објаснува конструкција на триаголник според дадени елементи (трите страни, две страни и аголот меѓу нив, една страна и аголот што лежи на таа страна) • објаснува конструкција на рамностран триаголник со зададена висина или со зададена тежишна линија • објаснува конструкција на рамнокрак триаголник со зададени: - основа и аголот на основата; основа и висина; тежишна линија кон основата; • објаснува конструкција на правоаголен триаголник со зададени две катети или со зададени една катета и хипотенузата

ПРИМЕНА	• одредува растојание од точка до права • конструира симетрала на отсечка и симетрала на агол • конструира симетрали на страните и на аглите на триаголник • ги применува својствата на рамнокрак триаг. при решавање задачи • ги користи особините на агли со заемно паралелни/нормални краци • решава задачи во врска со средна линија на триаголник • конструира центар на опишана и впишана кружница кај триаголник • конструира оска на симетрија кај некои рамнински фигури (отсечка, агол, триаголник, квадрат, круг); • конструира агол од 60о, 30о, 90о и 45о • конструира тангента на кружница во дадена точка • конструира триаголник според дадени елементи (трите страни, две страни и аголот меѓу нив, една страна и аголот што лежи на таа страна) • конструира рамностран триаг. со зададена висина или тежишна линија • конструира рамнокрак триаголник со зададени: - основа и аголот на основата; основа и висина; тежишна линија кон основата • конструира правоаголен триаголник со зададени две катети или со зададени една катета и хипотенузата
АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ	• утврдува складност на два триаголника според признакот (САС) • утврдува складност на два триаголника според признакот (ССС) • утврдува складност на два триаголника според признакот (АСА) • решава посложени зад. во кои се користи односот меѓу страни и агли во триаголник • решава посложени конструктивни задачи за триаголник